Макпромет АД Штип
Деловоден број
0202-114
28.04.2022

Годишно собрание

Врз основа на член 480 став 2 и 3 од Законот за трговски друштва неизвршните членови на Одборот на директори при Макпромет АД Штип, до Собранието на акционери на друштвото доставува:

# И З В Е Ш Т А Ј

Согласно Законот за трговски друштва неизвршните директори на Макпромет АД Штип, по добивањето на завршните сметки, годишниот извештај и ревизорскиот извештај, како и предлог одлуката на извршните директори за употреба на чиста добивка и покривање на загуба, изврши контрола на работењето на друштвото за 2021 година.

Контролата беше извршена преку непосреден увид во годишните сметки, финансискиот извештај и ревизорскиот извештај за 2021 година како и непосреден увид во книговодствената евиденција која се води во друштвото.

Резултатите од работењето на друштвото по годишните сметки за 2021 година, се со следните показатели:

- Европа ДООЕЛ покажува добивка од 2.912.796.00 денари
- Илинден 2002 ДООЕЛ покажува добивка од 18.296703.00 денари
- Макпромет АД покажува добивка од 63.413.829.00,оо денари

Годишната пресметка на Макпромет АД Штип и друштвата основани од него е доставена до надлежните институции и тоа Централен Регистар на РСМ како и УЈП подрачна единица Штип.

Одборот на директори изврши проверка на годишната сметка и финансискиот извештај и годишниот извештај како и на предлог одлуката за распределба на остварената добивка и начинот на покривање на загуба .

Неизвршните членови на одборот на директори анализирајќи ги доставените извештаи оцени дека истите се веродостојни и реално и објективно го прикажуваат работењето на друштвото во сите свери во текот на 2021 година.

Членовите на Одборот на директори предлагаат собранието на акционери на друштвото на својата годишна седница да ги усвои годишната сметка, финансискиот извештај и годишниот извештај за работењето на

друштвото за 2021 година и да ја прифати и усвои одлуката за распределба на добивката и покривање на загуба.

Неизвршни членови на
Одбор на директори на
Макпромет АД Штип
1.Атанасов Миле
---------------------------------
2. Пиха Стерјова